**20213004716**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 307/20 и 171/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2021 ГОДИНА

1. Во Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/21,) делот III. „Финансирање на заштитата на децата“ се менува и гласи:

„Средствата за остварување на Програмата за развој на заштитата на децата за 2021 година во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021, на Раздел 150.01, предвидени се следните буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 30 - Установи за детска заштита

Во 2021 година за оваа потпрограма се предвидени буџетски средства во износ од 3.983.000 денари средства од основен буџет и средства од самофинансирачки активности во износ од 1.600.000 денари.

2. Потпрограмата 3А - Изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за оваа потпрограма се планирани 111.786.401 денари

3. Потпрограмата А2- Пренесување на надлежности на единици на локална самоуправа. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за оваа ставка за пренесување на надлежности на Единици на локална самоуправа се планирани 2.085.201.000 денари од кои 2.034.834.800 денари се наменети за блок дотации за детска заштита.

4. Потпрограма 50 - Надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за оваа потпрограма се планирани вкупно 3.000.000 денари за реализација на проектот за користење услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток.

5. Потпрограма 52 - Надоместоци за детска заштита. Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година за оваа потпрограма се планирани вкупно 4.278.430.000 денари средства од основен буџет наменети за исплата на утврдените парични права со Законот за заштита на децата (детски додаток, додаток за образование, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете).

Распределбата на финансиските средства наменети за заштита на децата е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, со напомена дека во 2021 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права од 2020 година.“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13591/1
28 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.